Јуриј Худолин

# ПОСИНОК

Културна установа
БЛЕСОК

ЕДИЦИЈА
*с.р.*
СОВРЕМЕН
РОМАН
*своерачно*

Copyright за македонското издание: © Културна установа Блесок, 2014.
Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Наслов на оригиналот: Jurij Hudolin, "Pastorek"
Copyright © Študentska založba & Jurij Hudolin, 2008

**Со поддршка на**

Култура

Овој проект е финансиран со поддршка на Европската комисија. Оваа публикација ги одразува единствено мислењата на авторот/авторката, а Комисијата нема да се смета за одговорна за каква било употреба на информациите кои се содржани во неа.

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
821.163.6-31

ХУДОЛИН, Јуриј
Посинок : (живеење на туѓа земја, 1987-1990) / Јуриј Худолин; Превод од словенечки: Игор Исаковски. - Скопје : Блесок, 2014. - 226 стр. ; 21 см. - (Едиција *с. р.* : современ роман / своерачно ; кн. 44)

Превод на делото: Pastorek / Jurij Hudolin. – Белешка за авторот: стр. 217-218

ISBN 978-9989-59-617-9
I. Hudolin, Jurij види Худолин, Јуриј
COBISS.MK-ID 96915210

**Јуриј Худолин**

# ПОСИНОК

(Живеење на туѓа земја, 1987-1990)

Превод од словенечки:

**Игор Исаковски**

Културна установа

Б Л Е С О К

2014

## Пролог

Кога Бенјамин имаше дванаесет години, неговите родители се разведоа. Бргу сè заврши ја на суд и ја побараа животната среќа по зафрлени патеки, како двајца тркачи омаени од сончаница среде вжарено лозје. Валтер Закрајшек, таткото на Бенјамин, економист и бонвиван, на лекување од со пијанчење начнатата совест и во прегратка на други жени, а мајката Ингрид остана со својот син кој влегуваше во пубертет. Значи, сама! Наскоро на синдикална забава на административни работници го запозна Лорис Чивитко, богат гостилничар и велепоседник во Пануле, мало приморско истарско село на хрватскиот брег кое лете живееше интензивно, а зиме како дупка во еднонасочен амбис без дно.

Југославија во средината на осумдесеттите години на дваесеттиот век сè уште беше држава, на прв поглед прилично сигурна, и можеби освен врелата вљубеност, и тоа беше причина што Ингрид го спакува Бенјамин, го отпиша од словеначкото училиште, даде отказ и после неколку страсни посети се пресели кај господин Чивитко на хрватскиот брег; единствено многу плачеше Бенјамин, него никој ништо не го праша. Детето е дете и ѝ се потчинува на волјата на родителите. А таа волја е подложна само на егоизам, животински нагон и одмавнување со раката кога треба да се покаже грижа за друг човек, а можеби тук-таму и да се послуша. Овој пат тој беше само син на хартија кој како и секој дванаесетгодишник сакаше да мечтае и најверојатно беше премлад за да подучен од превртливиот тек на животните искуства може да го види ѓаволот во човечките очи или барем да насети дека сè уште може да си помогне пред ѓаволот да го дофати в раце. Да, кога времето еднаш ќе ја разоткрие сликата на железната рака на ѓаволот, никогаш повеќе не ја прекрива.

Затоа морам да ја раскажам приказната за Бенјаминовиот живот на Пануле.

# 1.

Потпрен врз гајбите пиво кои беа истопорени пред вратата на складиштето зад шанкот, гледаше во својот ресторан, во своето наследство и, тоа треба да се признае, во своите плускавци. Гледаше надмено и пророчки како да е сопственик на целиот свет и на сите изречени судбински зборови кои ги угнетува прангата на семирот, па келнерот Сенад се плашеше да го погледне в очи кога сакаше нешто да го праша, најчесто во врска со сметките кои Лорис ги испишуваше според степенот на опиеност на своите гости. Не трепна со око кога се развика и просаска „бибер“ и Сенад знаеше дека цената на услугата се искачила за третина од излапаното и испиеното. Како ќе се извлекува и ќе ниже лаги пред гостите ако се вмешаат во непредвидениот финансиски десерт, тоа спаѓаше во Сенадовата лична ментална турбуленција; Чивитко се развикуваше само ако требаше со главата напред низ салунската врата некого да исфрли на паркингот. Плаќаше секој и секогаш, Лорис имаше дланка како лопата за пица и не водеше сметка за промисленоста на својот замав. Тепаше на сопствена земја и викаше по Сенад: „Не ме пикај во клозетот на поразот“, кога овој ќе го предупредеше дека е доста тепање и дека над сметката вџашениот гостин едвај покажува знаци на егзистенцијални отчукувања.

Во една спарна августовска вечер во илјада деветстотини осумдесет и седмата, кога ферагосто веќе навалуваше кон крајот и прегреаниот и правлив воздух ја благословуваше опасната енергија на ниските нагони, на терасата до ресторанот Теренс на Лорис Чивитко во Пануле се тискаа Италијанци. Ноќниот рибарски улов на црно се покажуваше по масите, па аква минерале, вино бјанко, пелинковец и амаро. Чивитко секогаш ги зафркнуваше Италијанците зашто плаќаа двојно само за да понудата биде коректно поставена. Италијанците не требаше да ги мава. Затоа на свој начин и ги сакаше, иако

во август секогаш пееше "Amara terra mia", додека гледаше какод неред оставаат зад себе по масите, под нив и на имотот. Сенад беше нервозен додека збивтајќи доаѓаше со нарачката, дванаесет долги маси за еден келнер и очите на Чивитко врз послужавникот во неговите раце.

„Dio porko, побрзај бе Сенад, од шеќерна трска да не си?" го гонеше и за време на августовскиот распуст уживаше во ситните италијански пцости. Кога Чивитко со гајбите се врати од кујната каде што резанките лимон ги ставаше во бокали со топла вода кои Сенад им ги носеше на Италијанците за да си ги измијат рацете после шкампијадата, на шанкот го чекаше дебел Италијанец во ловечко одело кој очигледно брилираше во ловечкиот туризам. Пијан, како што не им доликува на италијанските хедонисти, уште од далеку бесно мавташе со рацете и пиштеше: "Merda, merda, merda!"

Десната рака му беше понабабрена и поцрвена од јастог. Чивитко после кусо размислување врекна така што се стресе целата тераса, а лицата во миг се завртеа кон него: „Сенад!"

Бидејќи знаеше дека следува заебанција, Сенад додворувачки како ласица доцупка до шанкот. Чивитко го фати за реверот и покрај гајбите нагло го турна во складиштето.

„Свињо! Си го одрал дебелиот, тотално е полуден! А плус цела вечер ти нарачува траварица која уште не си му ја однел!"

„Шефе, се случува, не сакав да Ве бламирам, иако траварицата стварно ја забраив. Ама, па не сум октопод, имам само две раце", Сенад дури и малку го повиши гласот, што беше прв пат, и за Лорис големо откритие на келнеровата храброст. Чивитко се наведна до многу понискиот Сенад и со својот нос се потпре врз носот на подредениот, така што Сенадовото чело во мигот стана извор на ледени капки пот.

„Извини му се на мрсниот или ќе останеш без ова", Лорис така го стисна за јајцата што Сенад заквичи како кутре кое насетува дека за последен пат оди кај ветеринар.

Сенад наточи половина прст траварица и му пријде на мрсниот дебелко кој со кусите виршлести прсти ја поправаше со брилијантин зацврстената фризура и кукајќи викаше.

"Cameriere, cameriere", дебелкото вртеше со главата и мајмунски павташе со рацете.

„Еби се, свињо", му излета на Сенад кога пред него грубо ја сервираше траварицата, така што речиси се прелеа преку работ од чашата.

Погреши, зашто кога се враќаше го зафати фурнаџиската лопата и одлета на една маса од која се струполи под друга од каде што луѓето веќе стануваа.

„Овде јас сум сопственик! Ова е мое! Ти мене ќе ме дупиш!" викаше Чивитко не мислејќи на гостите.

За коса го одвлече во клозетот од кој потоа се слушна чкрипење на керамички плочки. Како на осминка наместен ритам со машина да сечеше керамика.

Кога Чивитко се врати од клозетот и со хартиена салфета си ја чистеше дланката, не изгледаше вознемирено или на кој било начин психички несредено. Од масата ги собра лирите кои Италијанците во параноично брзање ги беа извадиле од џебовите, пееше "Amara terra mia" и на шанкот си наточи чаша минерална вода.

Лорис Чивитко пиеше безалкохолни пијалаци само во ретки и за него свечени пригоди, а дури и тогаш бокал или два малвазија од своето лозје.

Додека се приближуваше кон единствената сè уште зафатена маса на терасата, и покрај својата двометарска мускулеста става, личеше на кротко мече. Љубезно се смешкаше, се извини, дека животот носи и потешки конфликти кои трпеливо треба да се решаваат, а со такви примитивци каков што е Сенад не се може поинаку освен со сила. Дека му дал отказ, па после ќе најмува келнерки и дека сега сфаќа оти малиот босански пес во овие две години, колку што го хранел и го чувал во камп-приколката, дебело си ги наполнил џебовите со не-

гови пари. И дека ова ќе го научи дека животот е тркало кое се врти и кое може и да се дупне кога не си благодарен за добрината.

Ја бакна Ингрид која трепереше во свежа вљубеност, го погали Бенјамин и рече: „Добро дојдовте во Пануле“.

2.

Во Пануле имаше околу педесетина куќи на староседелци и роднини кои меѓусебно, по законите на селската логика, се презираа и се плукаа кога пред себе барем на минутка имаа друг соселанец за да го исплукаат третиот и обратно; но ако сакаше да ги гази странец, макар и селанец од соседното село, беа сложни. Околу седумдесетина Чивитковци живееја во Пануле, ако не му беа браќа на Лорис тогаш му беа барем братучеди, внуци и подалечни чичковци и тетки. Селото можеше да се вика Чивитково. Ниту еден посед не беше помал од дваесет хектари кои беа оградени прецизно во метар и брат со копач би убил брат ако овој би му откраднал педа земја. Животното мото на жителите на Пануле беше: „Овде јас сум сопственик!“

Во септември луѓето во Пануле од туристички работници се претворија во полјоделци, сточари, разновидни занимања, а на Бенјамин никогаш не му беше јасно за какво занимање всушност се работи, зашто од крави, коњи и прасиња обично немаш низа свои куќи, сопствен возен парк и викендичка на десет метри од брегот, а на километар од селото. Иако Чивитко во најдобрите туристички сезони парите во гајби ги носеше во сефот, некој во три летни месеци тешко би насобрал толку колку што имаа Чивитковците во Пануле. Подоцна дозна дека се наследници. На дванаесетгодишниот Бенјамин тоа на некој начин му годеше, зашто, тогаш маѓепсан од сапуницата Династија, сè заедно го потсетуваше токму на тоа. На Керингтонови, но не во измислена сапуница или шунд, туку во вистинска околија и приказна и во животната збирка на Чивитко. Во Пануле немаше телефон, ниту во соседното село, првата пошта беше во седум километри оддалечената Ракична и таму можеше, не насетувајќи ништо страшно, да си дозволи телефонски повик. Во Ракична беше и основното училиште каде што одеа децата собрани од околните села и таму директорот имаше телефон кој подоцна Бенјамин ќе го срами и ќе му ги

пали образите со црвенило од непријатност.

Бенјамин на школо одеше со автобус кој ги собираше учениците по селата и атарите, го возеше Нанду, поднапиен и дебел професионален возач кој барем еднаш неделно доцнеше по некој саат, јасно е зошто. Беше празник кога воопшто немаше да се појави и дури околу единаесет часот со автобусот трубеше низ Пануле, со цигара во устата и со шише во џебот од секогаш раскопчаниот работнички комбинезон. Сите тие пропуштени часови никогаш не требаше да се надоместуваат, Нанду вехементно се курчеше зад воланот до крајот на своите денови. Нанду испари во метафизика, и тоа баш зад кормилото, во време кога Бенјамин завршуваше осмолетка – на рамнина ја загубил контролата врз возилото и се забил во камена полска куќа, со шишето во комбинезонот, и веројатно дури подоцна се појавиле со анамнеза дека приказната на шоферот завршила поради инфаркт а не поради шишето.

Првиот школски ден во седмото одделение во Ракична дојде дете од град, од друга република, која во Југославија, исто така и во Пануле и околните села, важеше за најнапредна и најбогата, речиси син на сите познатиот Лорис Чивитко кого го почитуваа поради парите и дедовината, Словенец, и за инает уште и одличен со свидетелство печатено во големиот град, Бенјамин Закрајшек. Самиот Лорис го донесе пред вратата на училиштето убаво облечениот и преплашен Бенјамин кој веќе вешто се служеше со српско-хрватскиот јазик, зачинет со истарски деформации, но таков беше и службениот јазик на училиштето. Некаква непрепознатлива јазична чорба во која ијекавицата, екавицата, чакавицата и италијанизмите се споиле во демократска артикулација.

Без улиците, семафорите, продавниците зад секој агол, без старите пријатели, фудбалските тренинзи, свирењето клавир, повеќе го немаше времето кога со Ингрид го чекаа Валтер да дојде на ручек; сега се во селото каде што пред школото сè уште пасат крави, каде што првиот семафор е оддалечен трие-

сет километри, каде што средиште на релевантноста е селската гостилница зашто друго и онака нема, зашто не постои, освен животните. Бенјамин пред петнаесетте нови колеги од одделението го обзеде чудна детска меланхолија, засилена со црвенилото на адолесценцијата кога мораше да се претстави пред момичињата и девојчињата чии татковци сигурно знаеја дека Бенјамин станал син на Лорис Чивитко.

Зашто, во селото сè се знае, вистината е наклонета кон железната рака и парите.

3.

Кога Нанду ќе ги истовареше шестмината ученици од Пануле на сретсело, Бенјамин обично на масата веќе го чекаше ручек зашто Ингрид по ново беше вработена како домаќинка.

Пензиските придонеси се обврза да ги плаќа Чивитко, но веќе после неколку месеци се покажа дека на тоа заборавил. Општо во Пануле владееше целосен патријархат. Финансиите во своја власт ги имаа мажите, мажите се занимаваа со бизнис и одеа на работа, жените ги имаа кујната, животните и нивата. И ќотек, ако нешто тргнеше наопаку. Куќата на Лорисовиот братучед Дејан кој, како и Лорис Бенјамина, го посвои и во пакет со новата жена го зеде Бенјаминовиот соученик Дален, сето време беше со спуштени ролетни, Дален куцаше и никогаш не играше фудбал. Неговата мајка Бенјамин никогаш не ја виде. Дален не смееше да го посетиш зашто Дејан ја затвораше вратата од дворот и сите други врати. Можеше да го видиш само на тракторот кога редеше дрва или кога ќе тргнеше да го чисти свињарникот. Дален имаше сплескани прсти на нозете, вдлабнати и слепени со сок од сукрвица, како маринирaн рамстек пред да го ставиме на жар. За секоја грешка и недоволно брзо завршена работа добиваше по прстите со дршка од лопата или секирче. Тоа се знаеше, но за тоа не смееше да се зборува. Тоа веројатно беше Дејановиот специјалитет, ендемски гурманлак и ретко го удираше поинаку и на друго место, а и тоа кога му се брзаше. Ни на школо, освен со шепот, за тоа не се зборуваше јасно и гласно, а таму и онака немаше ниту психолог ниту социјална работничка. За тоа не се озборуваше, зашто тоа не беше вистина. Освен за Дален. Бенјамин тоа го чудеше, па често му беше жал за Дален, но тогаш си замислуваше дека Дален е толку лош што мора да добива ќотек. Дека некои луѓе така ги одгледуваат своите потомци или посвоеници кои ги хранат. Бенјамин секој ден на ручек слушаше каква работа го чека во надоаѓањето на денот

кон зајдисонцето. Козите на пасење, хранење на свињите и сечење дрва, копање ендек и насипување песок, зашто Лорис цело време ја ширеше својата летна тераса или нешто ѕидаше, само за имотот навидум да се зголемува. Навечер работа во Таверна која Лорис ја поседуваше на сретсело и со својот брат се тужеше на суд околу тоа кој е наследник на угостителскиот објект. Таму на колбаси и вино одеа селаните од околните села кои гледаа еден во друг со прасечки очи, како пропаднати демагози. На есен и зиме седеа покрај огништето и во својата мрзелива меланхолија го проколнуваа светот и неправдите кои им ги нанесува политиката, оние порасположените играа бришкула и во своите душевни недостатоци притоа страсно пцуеја. Понекогаш доаѓаше Лорисовиот брат Мауро и со него се караше кој е сопственикот. Гостите на тоа беа навикнати повеќе одошто на долгите голтки морски воздух па одмавнуваа со рака, најверојатно затоа што не доаѓаше до сериозна тепачка. Бенјамин точеше малвазија, ја носеше на масите во бокали и таму го слушаше Чивитко дека е несмасен и дека би било најдобро кога би бил правник. Инаку, Чивитко немаше завршено никакво школо, за полицајците и за сите останати беше техничар. Секогаш и секому велеше дека е техничар, дури потоа приватник, гостилничар и деловен човек. Се покажа дека необичната љубезност на Чивитко извира од фактот дека Ингрид е од него бремена во осми месец и дека чекаат син. И покрај двата пропаднати брака, Чивитко немаше потомци и многу сакаше син. Ако некому од Чивитковците не му одговараше жената која ја довлечкал во Пануле, ја пакуваше и со закани ја бркаше од селото. Немаше отштети, коректност, убави сеќавања, никогаш немаше до видување или со среќа, за тоа немаше простор. Мораше да се покориш. И да родиш наследник. Веќе со векови земјата во Пануле им припаѓаше на Чивитковци, затоа требаше да имаш жена да ти роди син. Тоа беше придвижувач и смислата на егзистенцијата. Не дете, туку наследник на земјата.

О, ти проклет, тврдокорен роду.

Секако, Бенјамин не размислуваше на тој начин зашто првата половина од годината Чивитко навистина не сакаше да му наштети, камоли да го допре, како Дејан Дален. Тој тепа само неранимајковци и крадци, каков што е Сенад, си мислеше Бенјамин и беше дури и горд на Лорис. Адолесценцијата ептен го дрмаше и, за разлика од неговите градски пријатели, беше препуштен на самиот себе и на работата во полето. Единствениот контакт со луѓето, освен во училиштето, каде што никогаш немаше вистински пријатели, беше работата во Таверната каде што ги слушаше селаните, а тие беа повеќе или помалку пијани и низ главите им се роеја сништа за некакво соодветно полово доживување. Сништа, кои во реалноста никогаш не се материјализираа во допир на медената голотија на меѓуножјето, зашто бабата дома им е исцрпена и за ништо не ја бива. Селаните не дупеа, ретко дури и туристки лете, а и Лорис често знаеше да сржи дека ниедна не би отишла со такви простачки мрзи.

Тоа повеќе беа зборови, тешки и остри, побожни желби, примарен облик на фикција, метафизика од најнизок ранг. Онанија и непријателство. Поради своите покорени жени, жените ги мразеа повеќе одошто своите пропаднати животи. Во својата небрусена природа не беа свесни дека самите се зачетници на непријателството и препотенцијата која ја носат во себе, дека светот околу нив ништо нема да им стори и дека нема што да прават со покорноста на своите исцрпени и затапени жени, кои веќе немаат ни желба ни сила за отпор.

4.

Кога Ингрид зимата го роди Фридерик, Лорис одлепи небаре разрешил океанографска мистерија која ја проучува целиот свет. На забавата, покрај Мауро, се собраа Лорис и неговите четири браќа, Корлеонови од Пануле. Бенјамин ги служеше со бокали, но вино им донесуваше во кофи зашто со него се полеваа и го истураа врз својата земја. Му делуваа како чудаци, силно и необјасниво опседнато семејство.

Лорис доби наследник. Бенјамин за првпат почувствува некаков вид љубомора, дека е без татко, дека е дојденец, приврзок, келнер кај моќните браќа, слуга, лакеј без портмоне, момче на повик, мрсул на времето и мазга за влечење, а толку сакаше да биде дел од нив и толку сакаше идол и тоа во Лорис Чивитко. Друг и немаше. И самиот да биде толку моќен и мускулест и да има каубојски пикап и по околните села да се прави важен како Чивитковците. Да биде возвишен и недопирлив, оној кој сè и секого може да префрли преку себе и со мерка. Иако луѓето и соучениците велеа дека тој е од Чивитковци, дека и тој е еден од оние кои се сопственици и придвижувачи на сите нешта во атарот, дека тој е наследник кој за некоја година ќе прави што сака, Бенјамин чувствуваше дека не е така. Дека го сметаат за приврзок на објектот кој на Лорис му дал наследник. Дека неговите петки во Ракична и работата на имотот ништо не значат. Дека суштината на играта е крвта, дека приказната за животот се делка под копитото на наследството и дека само тоа вреди. Другите треба да се искористуваат и да се отфрлат кога веќе се нема корист од нив, да се истркалаат во грмушки како тркалце кое испаднало од големата машинерија на алчноста и кое веднаш треба да се замени. Нешто да добиеш или на друг да му го грабнеш од рака веќе е само по себе гадно, затоа можеби е понекогаш подобро тоа да се фрли на страна или да се продаде, но не своето наследство, никогаш, таков баксуз го уништува родот. Но Бенјамин

се тешеше дека можеби сеедно го сакаат зашто никој не го тепаше, а тоа беше, со оглед на тоа како Лорис се однесуваше со другите, и со оглед на она што му се случуваше на Дален и колку бргу се развикуваше и ја креваше раката, нешто необично и преку секоја мера љубезно, тоа беше вистински храм на нежноста. Тоа беше куриозум или различност која лесно би ја прогласиле за света или би ја користеле како позитивна и сугестивна мотивација за душевно растроените луѓе.

Малиот Фридерик најверојатно не насетуваше ништо лошо кога го зацрта Лорисовиот однос кон Бенјамин; сега не беше ни љубезен, ни зол, туку само службен. Наредуваше како машина.

После три месеци требаше да се покрсти Фридерик. Во Ракична, освен училиштето, имаше и мала, запуштена црква со некакви нејасни фрески, повеќе обриси на минатото време, за кума Лорис ја избра Ингридината сестра Филомена која живееше во Германија и дома имаше бајаги складирано под душекот. Најверојатно поради својот син, иако исто така и пред сè поради себе.

Кога делегацијата од Германија со мерцедес се довезе во Пануле, Филомена и нејзината и Ингридината мајка извикаа:

„Па кај си ти? Кај е ова? Кај ги најде овие краишта, ги нема ни на географска карта!"

Тоа беше вистина.

„На двапати тотално се загубивме по калливи патишта", секако малку претеруваа, зашто презирот беше роден веднаш кога ја видоа пустелијата.

Филомена, која поради тежината на својот паричник и дебелите банкарски сметки беше малку повеќе самосвесна и на која Чивитко цело време ѝ се улизуваше, својата помлада сестра ја обработи со цела низа приговори, дека отишла зад тртката на бога, во свирипичино на кое му нема рамно, во кое не стапнала нога на нормален човек, камоли на фин и угладен господин.

Тезата на Ингрид за тоа дека љубовта надминува сѐ, во очите на нејзините мајка и сестра предизвика потсмев и огорченост, зашто Ингрид зад себе имаше повеќе долги врски и уништен брак со веселникот Валтер Закрајшек. Се покажа дека Чивитко се лигави и се тресе и се поти поради марките, за да Филомена го исплати кумството во пари и тоа нему на рака, со синџирче Фридерик не можеше да биде најзадоволен, камоли среќен.

„Повелете, повелете, зарем не е убаво овде кај нас, погледнете, ова го створив со свои раце, тоа е тоа, тоа е мојата куќа и тука сте секогаш добредојдени, овде имам прасенца, кози, овци, крави, кучиња и мачки, маслини, домати, секаков зеленчук, лозје, да, си правам свое винце, сакате, еве го, сега, веднаш ќе ви наточам, само повелете, добро дојдовте, знаете јас ве сакам како мојата Ингрид и овие мои златни дечиња, тоа е сѐ за нив, за нив работам, тоа е вложување во иднината, тоа е дамар на бесмртноста, и ние ќе се договориме, ќе соработуваме, сакате да вложите кај мене, јас сум отворен, знаете, јас кажувам како што е, тоа нека не ви пречи, јас сум чесен човек, сето ова сам со свои раце, вратата ви е отворена, ова ќе биде туристички рај, ќе видите, само вложете пари, не треба да ги чувате во банка, па кумови сте, дајте им на внуците, ќе соработуваме, тоа ќе биде убаво, повелете овде...“ како навиен ги нижеше зборовите Лорис Чивитко и треперешe како во треска пред умирање, само тук-таму по малку запнуваше поради лигите кои му се собираа во устата.

На Филомена Чивитко ѝ одеше на нерви и тоа одлучно му го профилираше право в лице. Дека во деловниот свет сите се такви слатки прасиња и измамници. Да, ако си искрен, не треба да бидеш и сладникав. Не сакаше ни да преспие во Пануле. Ниту мајката на Ингрид. Кумството веќе среде попладнето и уште пред десертот, кој Бенјамин требаше да го изнесе на маса, се претвори во претстава на Лорис Чивитко. Беше, имено, на свое и на своето можеше да бара и туѓи пари, кеш на рака или

ќе биде пиздарија. И кога после конфликтот поради неуспешното гребење марки на Чивитко сите заминаа, претставата можеше да почне. На Лорис Чивитко му се споија жичките и виорот се распламти. Поразот околу марките, се разбира, не можеше лесно да го поднесе. Пораз на своја земја, а уште им ги лижеше газовите, затоа тоа не можеше да го преболи. Некому џабе да му го лиже газот! На некои гастарбајтерски курци надуени поради едно ебено синџирче. Поради обоен плех нема да клечи! Беше понижен. Никаков пораз тој не можеше да преболи и требаше веднаш да се одмазди, врз првиот кој му е на дофат.

„Ингрид!" викна и погледна со белките, четири чаши малвазија за него беа доволни за цело време да гледа само со белките.

„Слушај ме добро, ти: да ти ебам мајката словенечка, нели рече дека таа швапска пичка ќе донесе марки? И сега? Па мајката да ти ја разебам и све што Господ гледа у Пануле!"

Потоа замолчи. Како ранета ѕверка одеше наваму натаму. Наваму натаму. Наваму натаму. Наваму натаму. Наваму натаму. Помеѓу наваму и натаму неколку пати мрсно плукна и саскаше нешто за цициите и словенечките гастарбајтери.

„Ингрид!" пак викна, така што на Бенјамин кој се беше скрил зад шпоретот во кујната, неколку капки урина му побегнаа во гаќите.

„Бум, паф", падна врз Ингрид, таа падна врз масата на тревата пред куќата.

„Ќе видиш ти празни ветувања. Кои се тие швапски гомнари па туку-така, мене ништо, тебе ништо, без ништо си отидоа од Пануле. Овде сум јас сопственик", згрме, ја зеде торбата со малиот Фридерик кој ништо не насетувајќи ја тегнеше цуцлата на утехата, и се затвори во спалната соба.

Кога Ингрид ја избриша крвта, потрчна по него, Бенјамин во својата соба под перницата се давеше во солзи од страв. Тогаш уште не знаеше дека тепањето на мајка му пред сопстве-

ните очи боли повеќе одошто сам да го изел ќотекот; како да знае кога ќотекот на Фридериковата крштенка беше ќотек првенец во Пануле и воопшто првиот ќотек на мајка си кој Бенјамин го виде со свои очи.